Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден __.12.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од**
**КАМ ДОО Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација КАМ ДОО Илинден.

Донацијата се состои од:

- 200 новогодишни детски пакетчиња.

Донацијата е со единечна цена по пакетче од 229,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и КАМ ДОО Илинден како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на КАМ ДОО Илинден доставено е Барање за прифаќање на донација до Општина Велес со бр.25-5776/2 од 18.12.2025 година

Донацијата опфаќа донација на 200 новогодишни детски пакетчиња со единечна цена по пакетче од 229,00 денари со вклучен ДДВ.

Доколку од страна на Советот биде донесена оваа одлука, од страна на Градоначалникот како примател на донацијата и КАМ ДОО Илинден како давател на донацијата ќе биде склучен договор согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 18 -12- 2025
Орг. един: | Број | |
25 - 5776/2 | 1 |

КАМ ДОО Илинден
Ул. 35 бр.39
Илинден,Северна Македонија
Tel. ++389.2.3171 747
++389.2.3171 210

До

Општина Велес

Предмет Намера за донација

Почитувани,

Со овој допис, како општествено одговорна фирма се обраќаме до Вас за да изразиме намера за донација на 200 новогодишни детски пакетчиња со единечна цена во износ од 229,00 ден. Со вклучен ДДВ.

Со почит,

КАМ Доо Илинден

Трајче Цветановски, Управител

Друштво за трговија на мало и големо КАМ ДОО Илинден